08-2137/1
04-06-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и членот 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 32– та седница одржана на ден 22.05.2026 година, донесе:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со бр. 08-5601/1 од 06.06.2022 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 08-5601/1 од 06.06.2022 година за проверка на вистинитоста на податоците од анкетниот лист на директорот на ________________, ________________ е оформен согласно со Годишниот план за следење на имотната состојба и интереси за 2022 година усвоен од Државната комисија за спречување на корупцијата.

Државната комисија од лицето ________________ побара и обезбеди податоци за членовите на неговото семејство, а за потребите на проверката прибави податоци за имотната состојба на лицето ________________ и на членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија и од финансиските институции.

Во текот на постапувањето од страна на Државната комисија е констатирано дека лицето ______________ во законски предвидениот рок по неговото именување за В.Д. директор на ______________________ со Решение на Владата на РСМ бр.14-1529/1 од

15.02.2022 година нема поднесено анкетен лист до Државната комисија, со што постапил спротивно на член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон. За сторениот прекршок му е издаден Прекршочен платен налог број 08-694/24 од 03.01.2024 година, кој истиот го платил во оставениот рок. Исто така, именуваниот немал поднесено анкетен лист ниту во законски предвидениот рок по неговото разрешување од должноста директор на ____________________ со Решение на Владата на РСМ бр.14-1543/1 од 15.02.2022 година со што постапил спротивно на член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон. За сторениот прекршок му е издаден Прекршочен платен налог број 08-694/26 од 03.01.2024 година, кој истиот го платил во оставениот рок.

Државната комисија изврши анализа на податоците прибавени од наведените институции и нивна споредба со податоците содржани во анкетниот лист на службеното лице. При анализата беше утврдено дека податоците во целост се совпаѓаат, освен во делот што се однесува на непријавен недвижен имот стекнат по основ на наследство пред именувањето на лицето на функцијата. Имајќи предвид дека од пропустот да се пријави и наведе детален попис на наведениот недвижен имот, што претставува прекршок согласно член 109 став 1 алинеја 1 во врска со член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, изминале повеќе од две години, а во меѓувреме не е поведена прекршочна постапка, Комисијата утврди дека за наведениот прекршок е настапена застареност на прекршочното гонење.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

**Изготвил:** м-р Б.С., советник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК